С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА КРУШЕВО

30.01.2020 год.  Бр.II

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/2014 и 7/19), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
***за објавување на акѿиѿе донесени на 46-ѿа седница на Совеѿоѿ на Оӣшѿина Крушево одржана на ден 30.01.2020 ӣод.***

1.**СЕ ОБЈАВУВААТ** актите донесени на 46-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 30.01.2020 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр. 09-211/1 од 30.01.2020 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 88 став 2 од Законот за административни службеници (“Сл.весник на Р.М.” бр.27/14; 199/14; 48/15; 154/15; 5/16; 142/16 и 11/18), Советот на Општина Крушево на 45-та седница, одржана на 30.01.2020 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2020 година**

**Член 1**

Вредноста на бодот за пресметување на плати на државните службеници за 2020 година за вработените во Општина Крушево изнесува 81,6 денари.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево, а ќе се применува со исплатата на платата за јануари 2020 година.

**Член 3**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2020 година бр.08-1396/8 од 30.12.2019 година.

**Бр.08-174/3 од 30.01.2020 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 166з. од Законот за заштита на децата (“Сл.весник на Р.М.” бр.23/13; 12/14; 44/14; 144/14; 10/15; 25/15; 150/15; 192/15; 27/16; 163/17; 21/18; 198/18 ” Сл.весник на Р.С.М” бр.104/19 и 146/19), член 88 став 3 и 4 од Законот за административни службеници (“Сл.весник на Р.М” бр.27/14; 199/14; 48/15; 154/15; 5/16; 142/16; 11/18 и “Сл.весник на Р.С.М.” бр.275/19) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007; 16/2014 и 7/19), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 30.01.2020 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и директорот во ЈОУДГ “Гонча Туфа” Крушево за 2020 година**

**Член 1**

Вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и директорот во ЈОУДГ “Гонча Туфа” Крушево, за 2020 година изнесува 81,6 денари.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево, а ќе се применува за пресметка на платата за месец јануари 2020 година.

**Бр.08-174/4 од 30.01.2020 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на Р.М.“ бр.5/2002), член 18 став 1 точка 4 и член 21 став 1 точка 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007, 16/2014 и 7/2019), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 30.01.2020 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за утврдување на приоритет за имплементација на проект за набавка на метални контејнери**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува приоритет за имплементација на проект за набавка на метални контејнери со капак со капацитет од 1,1$м^3$ за потребите на општина Крушево.

**Член 2**

Општина Крушево го утврдува како приоритет проектот за имплементација на проект за набавка на метални контејнери со капак со капацитет од 1,1$м^3$ за да може да се аплицира за искористување на грант средствата од компонентата В „Инвестициски грантови“ од Проектот за пододбрување на општинските услуги при Министерството за финансии на Р.Македонија.

**Член 3**

Проценетата вредност на проектот од член 1 на оваа Одлука изнесува 981.844,37 денари со ДДВ, грант средства кои Општина Крушево има право да ги користи согласно процедурите за имплементација на компонентата В „Инвестициски грантови“ од Проектот за подобрување на општинските услуги при Министерството за финансии на Р.Македонија.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Крушево.
**Бр.08-174/5 од 30.01.2020 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 25 од Законот за полиција (“Сл.весник на Р.М.” бр.114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18), член 36 став 1 точка 13 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 21 став 1 точка 41, од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/14 и 7/19), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 30.01.2020 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
***за извештајот за работата на Полициската станица од општа надлежност Крушево за периодот од второ полугодие од 2019 година***

1. **СЕ ПРИФАЌА** Извештајот за работата на Полициската станица од општа надлежност-Крушево за периодот од второ полугодие од 2019 година, СД. БР.22.22.5.6-6/1 од 08.01.2020 година.

2. Зклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.
**Бр.08-174/6 од 30.01.2020 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

С О Д Р Ж И Н А

Ре. бр. страна

1. Заклучок за објавување на актите донесени на 46-та седница на Советот на Општина Крушево ………………………………….. 1
2. Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2020 година …… 1
3. Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и директорот во ЈОУДГ “Гонча Туфа” Крушево за 2020 година ………………………………………1
4. Одлука за утврдување на приоритет за имплементација на проект за набавка на контејнери ………………………………….. 2
5. Заклучок за извештај за работата на Полициската станица од општа надлежност Крушево за периодот од второто полугодие од 2019 година ………………………………. 2

Редакциски одбор на Општина Крушево.